**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 03-401
18. 12 **2020 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 1 и член 13 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20), а во врска со член 98 став 2 од истиот Закон, член 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники („Службен весник на Република Македонија“ бр.56/15), точка 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-4325/1 од 25.11.2020 година, поради непочитување на правилата за нови рекламни техники од страна на Трговското радиодифузно друштво ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 45-та седница одржана на 17.12.2020 година согласно Заклучокот арх.бр.02-4556/15 од 17.12.2020 година, го донесе следното:

## Решение
## за преземање мерка – јавна опомена

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво (ТРД) ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес, заради извршена повреда на член 98 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20) и на член 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники („Службен весник на Република Македонија“ бр.56/15), на начин што во рамките на телевизискиот програмски сервис на ТРД ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес, емитуван на 3-ти ноември 2020 година, во изданијата на забавно – информативните емисии „ВИП на еден ден“ и „55 минути“ беа емитувани (поп-ап) реклами на поделен екран, меѓу кои не е поминат законски пропишаниот период од најмалку 15 минути, и тоа:

- во изданието на забавно – информативната емисија „ВИП на еден ден“ со период на емитување од 18:00:23 до 18:26:18 часот, емитувани се поп – ап реклами со наслов: Avto Сајка во периодот од 18:04:54 до 18:05:14 часот; Принт PAN во периодот од 18:11:10 до 18:11:19 часот и Витаминка во периодот од 18:16:24 до 18:16:32 часот;
- во изданието на забавно – информативната емисија „ВИП на еден ден“ со период на емитување од 18:26:20 до 18:49:08 часот, емитувани се поп – ап реклами со наслов: Avto Сајка во периодот од 18:34:46 до 18:35:06 часот; Swisslion во периодот од 18:41:34 до 18:41:54 часот и во периодот од 18:41:56 до 18:42:02 часот; Тотал Пост Логистик во периодот од 18:43:28 до 18:43:36 часот и Принт PAN во периодот од 18:43:43 до 18:43:53 часот; и
- во изданието на забавно – информативната емисија „55 минути“ со период на емитување од 20:35:55 до 21:22:23 часот, емитувани се поп – ап реклами со наслов: Фила масло во периодот од 20:40:46 до 20:40:56 часот; Витаминка во периодот од 20:42:28 до 20:42:36 часот; Зегин во периодот од 20:43:30 до 20:43:43 часот; Силуете во периодот од 20:47:24 до 20:47:31 часот; Божиновски во периодот од 20:49:08 до 20:49:17 часот; Зегин

во периодот од 20:52:16 до 20:52:27 часот; Инфинити во периодот од 20:53:23 до 20:53:33 часот; Avto Cajka во периодот од 20:54:26 до 20:54:44 часот и во периодот од 20:58:59 до 20:59:18 часот; Фила масло во периодот од 21:02:53 до 21:03:03 часот; Витаминка во периодот од 21:04:06 до 21:04:13 часот; Зегин во периодот од 21:05:52 до 21:06:04 часот; Avto Cajka во периодот од 21:07:19 до 21:07:38 часот; Инфинити во периодот од 21:08:45 до 21:08:55 часот; Фила масло во периодот од 21:10:29 до 21:10:40 часот; Витаминка во периодот од 21:13:01 до 21:13:09 часот; Божиновски во периодот од 21:14:17 до 21:14:27 часот; Силуете во периодот од 21:15:40 до 21:15:49 часот и Божиновски во периодот од 21:18:17 до 21:18:27 часот.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е по наслов на емисијата, период на емитувањето (почеток и крај) и опис на прекршувањето во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-4325/1 од 25.11.2020 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на ТРД ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за нови рекламни техники.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во Архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

## О б р а з л о ж е н и е

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерка - решение за јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени врз основа на истиот, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги преку Секторот за програмски работи, на 25-ти ноември 2020 година, изврши редовен програмски надзор (мониторинг) на телевизискиот програмски сервис на ТРД ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес, емитуван на 3-ти ноември 2020 година, на локално ниво, при што констатираше прекршување на членот 98 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членот 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники.

Имено, врз основа на надзорот констатирано е дека на 25-ти ноември 2020 година на телевизискиот програмски сервис на ТРД ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес, емитуван на 3-ти ноември 2020 година, во изданијата на забавно – информативните емисии „ВИП на еден ден“ и „55 минути“ беа емитувани (поп-ап) реклами на поделен екран, меѓу кои не е поминат законски пропишаниот период од најмалку 15 минути, и тоа: во изданието на забавно – информативната емисија „ВИП на еден ден“, со период на

емитување од 18:00:23 до 18:26:18 часот, емитувани се поп–ап реклами со наслов: Avto Сајка во периодот од 18:04:54 до 18:05:14 часот; Принт PAN во периодот од 18:11:10 до 18:11:19 часот и Витаминка во периодот од 18:16:24 до 18:16:32 часот; во изданието на забавно – информативната емисија „ВИП на еден ден", со период на емитување од 18:26:20 до 18:49:08 часот, емитувани се поп–ап реклами со наслов: Avto Сајка во периодот од 18:34:46 до 18:35:06 часот; Swisslion во периодот од 18:41:34 до 18:41:54 часот и во периодот од 18:41:56 до 18:42:02 часот; Тотал Пост Логистик во периодот од 18:43:28 до 18:43:36 часот и Принт PAN во периодот од 18:43:43 до 18:43:53 часот; и во изданието на забавно – информативната емисија „55 минути" со период на емитување од 20:35:55 до 21:22:23 часот, емитувани се поп–ап реклами со наслов: Фила масло во периодот од 20:40:46 до 20:40:56 часот; Витаминка во периодот од 20:42:28 до 20:42:36 часот; Зегин во периодот од 20:43:30 до 20:43:43 часот; Силуете во периодот од 20:47:24 до 20:47:31 часот; Божиновски во периодот од 20:49:08 до 20:49:17 часот; Зегин во периодот од 20:52:16 до 20:52:27 часот; Инфинити во периодот од 20:53:23 до 20:53:33 часот; Avto Сајка во периодот од 20:54:26 до 20:54:44 часот и во периодот од 20:58:59 до 20:59:18 часот; Фила масло во периодот од 21:02:53 до 21:03:03 часот; Витаминка во периодот од 21:04:06 до 21:04:13 часот; Зегин во периодот од 21:05:52 до 21:06:04 часот; Avto Сајка во периодот од 21:07:19 до 21:07:38 часот; Инфинити во периодот од 21:08:45 до 21:08:55 часот; Фила масло во периодот од 21:10:29 до 21:10:40 часот; Витаминка во периодот од 21:13:01 до 21:13:09 часот; Божиновски во периодот од 21:14:17 до 21:14:27 часот; Силуете во периодот од 21:15:40 до 21:15:49 часот и Божиновски во периодот од 21:18:17 до 21:18:27 часот.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е по наслов на емисијата, период на емитувањето (почеток и крај) и опис на прекршувањето во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-4325/1 од 25.11.2020 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата до ТРД ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес на 27.11.2020 година, испрати Допис (наш арх.бр.03-401 од 27.11.2020 година), со кој му го достави Писмениот извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-4325/1 од 25.11.2020 година, со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за нови рекламни техники. Во предвидениот рок, ТРД ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес не се изјасни за стореното прекршување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и од Правилникот за нови рекламни техники. Советот на Агенцијата на 45-та седница одржана на 17.12.2020 година, го разгледа предметниот Писмен извештај и заклучи на ТРД ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20, член 23 став 1 алинеја 1 и член 13 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а во врска со член 98 став 2 од истиот Закон, член 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники, точка 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка и Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-4325/1 од 25.11.2020 година, поради констатирано непочитување на одредбите на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за нови рекламни техники, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 45-та седница одржана на 17.12.2020 година согласно Заклучокот арх.бр.02-4556/15 од 17.12.2020 година, донесе Решение со кое јавно се опоменува ТРД ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес и му се наложува, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за нови рекламни техники. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за

поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Заменик на Претседателот на Советот,**

**д-р Милаим ФЕТАИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-4325/1 од 25.11.2020 година.

**Доставено до:**

- Трговското радиодифузно друштво ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес;
- Управителот на ТРД ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес;
- Одговорното лице на програмата во ТРД ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес;
- Секторот за правни работи;
- Секторот за програмски работи; и
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20), се доставува:

25. 11. 2020
10 4825/4

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. Вид надзор: Редовен;
2. Субјект на надзорот: Трговско радиодифузно друштво ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес;
3. Период опфатен со надзорот: 3 ноември 2020 година;
4. Датум на извршување на надзорот: 25 ноември 2020 година;
5. Предмет на надзорот:
    - Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој);
    - Правилник за заштита на малолетните лица („Службен весник на Република Македонија" бр. 172/14);
    - Членовите 53, 54, 55, 98, 99, 100 и 101 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (правила за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации);
    - Упатство за примена на одредбите за пласирање производи („Службен весник на Република Македонија" бр.201/14);
    - Правилник за спонзорство („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/15);
    - Правилник за нови рекламни техники („Службен весник на Република Македонија" бр. 56/15);
    - Член 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (обврски при обезбедување квизови или други облици на наградно учествување);
    - Член 93 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање);
    - Правилник за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност („Службен весник на Република Македонија" бр. 185/14);
    - Член 94 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (емитување игри на среќа);

7. Констатации од надзорот:

Со редовниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на ТРД ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес, емитуван на 3 ноември 2020 година, на локално ниво, констатирано е прекршување на член 98 став 2 (*услови за рекламирање и телешопинг*) од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на член 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники (*меѓу две вметнувања реклами на поделен екран треба да помине период од најмалку 15 минути*).

Во изданијата на забавно-информативните емисии „ВИП на еден ден“ и „55 минути“ беа емитувани (поп-ап) реклами на поделен екран меѓу кои не минува пропишаниот период од најмалку 15 минути.

| Наслов на емисијата | Период на емитувањето | |
|---|---|---|
| | Почеток | Крај |
| | | |
| „ВИП на еден ден“ - *забавно-информативна емисија* | 18:00:23 | 18:26:18 |
| *Avto Cajka* | 18:04:54 | 18:05:14 |
| *Принт PAN* | 18:11:10 | 18:11:19 |
| *Витаминка* | 18:16:24 | 18:16:32 |
| Опис на прекршувањето: Во наведената програмска целина се емитувани поп-ап / реклами на поделен екран меѓу кои не минува пропишаниот период од најмалку 15 минути; | | |

| Наслов на емисијата | Период на емитувањето | |
|---|---|---|
| | Почеток | Крај |
| | | |
| „ВИП на еден ден“ - *забавно-информативна емисија* | 18:26:20 | 18:49:08 |
| *Avto Cajka* | 18:34:46 | 18:35:06 |
| *Swisslion* | 18:41:34 | 18:41:54 |
| *Swisslion* | 18:41:56 | 18:42:02 |
| *Тотал Пост Логистик* | 18:43:28 | 18:43:36 |
| *Принт PAN* | 18:43:43 | 18:43:53 |
| Опис на прекршувањето: Во наведената програмска целина се емитувани поп-ап / реклами на поделен екран меѓу кои не минува пропишаниот период од најмалку 15 минути; | | |

| Наслов на емисијата | Период на емитувањето | |
|---|---|---|
| | Почеток | Крај |
| | | |
| „55 минути“ - *забавно-информативна емисија* | 20:35:55 | 21:22:23 |
| *Фила масло* | 20:40:46 | 20:40:56 |
| *Витаминка* | 20:42:28 | 2:42:36 |
| *Зегин* | 20:43:30 | 20:43:43 |

| | | |
|---|---|---|
| [illegible] | [illegible] | [illegible] |
| Божиновски | 20:49:08 | 20:49:17 |
| Зегин | 20:52:16 | 20:52:27 |
| Инфинити | 20:53:23 | 20:53:33 |
| Avto Cajka | 20:54:26 | 20:54:44 |
| Avto Cajka | 20:58:59 | 20:59:18 |
| Фила масло | 21:02:53 | 21:03:03 |
| Витаминка | 21:04:06 | 21:04:13 |
| Зегин | 21:05:52 | 21:06:04 |
| Avto Cajka | 21:07:19 | 21:07:38 |
| Инфинити | 21:08:45 | 21:08:55 |
| Фила масло | 21:10:29 | 21:10:40 |
| Витаминка | 21:13:01 | 21:13:09 |
| Божиновски | 21:14:17 | 21:14:27 |
| Силуете | 21:15:40 | 21:15:49 |
| Божиновски | 21:18:17 | 21:18:27 |
| | | |
| Опис на прекршувањето: Во наведената програмска целина се емитувани (поп-ап) реклами на поделен екран меѓу кои не минува пропишаниот период од најмалку 15 минути; | | |

8. Опис на прекршувањето:

Спротивно на член 98 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и на член 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники, на програмскиот сервис на ТРД ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес, емитуван на 3 ноември 2020 година, во забавно-информативните емисии „ВИП на еден ден“ и „55 минути“ беа емитувани (поп-ап) реклами на поделен екран меѓу кои не минува пропишаниот период од најмалку 15 минути.

9. Предлог мерка:

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговско радиодифузно друштво ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ, Велес, и во согласност со точката 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 15 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за нови рекламни техники; и
- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

*Сектор за програмски работи*